«»

# ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Весна Јовановска како претседател на советот и судиите Габријела Михајловска и Елеонора Хамулиќ Ајро - членови на советот, со записничар Емилија Џоневска - судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за .... А. ДООЕЛ увоз – извоз С. поднесена преку полномошник адвокат Панче Тошковски од С., изјавена против Решение на Министерство за ..... УП2 број 35-633/2018 од 03.12.2020 година, по основ на одобрение за градење, вредност на спорот 40.000,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 21.12.2021 година во присуство на полномошникот на тужителот Панче Тошковски адвокат од С., С. Ј. – вработена кај тужителот, како и овластениот претставник на тужениот орган Е. К. од С., на ден 23.12.2021 година ја донесе и јавно објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за .... А. ДООЕЛ увоз- извоз С., СЕ УВАЖУВА.

Решението на Министерство за .... УП2 број 35-633/2018 од 03.12.2020 година, СЕ ПОНИШТУВА.

Се задолжува тужениот орган во рок од 15 дена од денот на правосилноста на пресудата да донесе нов управен акт.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците сторени во текот на постапката, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

Се задолжува тужениот орган во рок од 15 дена од денот на правосилноста на пресудата на тужителот да му ги надомести трошоците сторени во текот на постапката во вкупен износ од 7.000,00 денари.

Барањето на тужителот за надомест на трошоците сторени во текот на постапката, односно од побаруваниот вкупен износ од 27.876,00 денари до досудениот износ, СЕ ОДБИВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со решението означено во изреката на пресудата, одбиена е како неоснована жалбата поднесена од страна на сега тужителот, а изјавена против Решението на Градоначалникот на Општина Ц. УП1 бр.27-300/2014 од 02.10.2020 година, а со кое решение, пак, е огласено за ништовно издаденото Одобрението за градење УП1 бр.28-300 од 26.08.2014 година на Градоначалникот на општина Ц., кое станало правосилно на 10.09.2014 година.

Незадоволен од вака донесеното решение, тужителот преку полномошник Панче Тошковски адвокат од С. поднесе тужба за управен спор против истото, поради повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со укажување дека тужителот како инвеститор се стекнал со одобрение за градење УП1.бр.28-300 од 26.08.2014 година и кое станало правосилно на ден 10.09.2014 година и кој бил должен да отпочне со градба најдоцна до 10.09.2016 година и дека тужителот во законски рок односно на 08.09.2016 година започнал со градба, на начин што на предметната локација е донесен багер и е вршен ископ на земја и шут, а биле донесени и поставени градежни материјали. За започнување со градежните активности бил составен градежен дневник и во него е констатирано дека е отпочнато со работа на објект катна гаража и е вршен ископ на земја со багер и одвоз на земја и шут, кој дневник е потпишан од инвеститорот, изведувачот и надзорниот инженер. Што значи дека, тужителот ги испочитувал во целост одредбите од член 67 од Законот за градење и навремено односно на 07.09.2016 година ги известил надлежните институции како и Министерството за ..... за започнување со градба. Понатаму, тужителот појаснува дека на ден 17.11.2016 година до Општина Ц. доставил известување дека се спречени за да продолжат со градба и истата ќе се стопира до завршеток на грејна сезона, со оглед дека тужителот по отпочнување со градбата добил потврда дека на предметната локација постои вреловодна мрежа со која управува Д.НА Т. Б. Е. ДООЕЛ од С., при што констатацијата на тужениот орган дека тужителот нема поднесено барање за решение за дислокација ниту дека има потпишано договор за дислокација не преставува причина за поништување на одобрението за градење, а водено причина за поништување на одобрението за градење не претставува ниту записникот за увид на лице место и вештиот наод и мислење. Тужителот во тужбата потенцира дека првостепениот орган и второстепениот орган погрешно ја примениле на член 2 став 1 точка 15, член 66 и член 68 од Законот за градење и дека сториле суштествена повреда на одредбата од член 12 од ЗОУП. Предлага тужбата да се уважи и оспореното решение да го поништи.

Тужениот орган во одговор на тужбата остана при своето решение од причини наведени во образложението на истото, упатувајќи го Управниот суд да изврши увид во списите на предметот на сајтот

www.gradezna-dozvola.mk, согласно член 5 став 1 од Правилникот за начинот на користење на информацискиот систем Е-одобрение за градење од страна на второстепениот орган надлежен за постапување по жалби, против управните акти, издадени во постапката, за издавање на одобрение за градење, Управниот суд и Вишиот управен суд, при постапувањето по поднесена тужба и жалба во постапката за издавање на одобрение за градење.

Управниот суд утврди дека тужбата е изјавена во законски определениот рок, дека истата е дозволена и изјавена од овластено лице и откако оцени дека се исполнети условите за водење на управен спор, за ден 21.12.2021 година закажа усна јавна расправа .

На расправата полномошник на тужителот адвокат Панче Тошковски од С. остана во целост на изнесените наводи во тужбата, со појаснување дека погрешно е утврден најрелевантниот факт, односно моментот на отпочнување со градба, ова од причина што тужителот во целост ги испочитувал сите императивни одредби од Законот за градење како по однос на пријавувањето со отпочнување на градба, обележување на градилиште, поседување на градежен дневник и слично, а дислокацијата на вреловодна цевка во никој случај не спаѓа во активности кој требало да бидат превземени од страна на тужителот. Полномошникот наведе дека со тоа што сега тужителот ја купил оваа локација на јавно наддвање од страна на РСМ како продавач, изготвил соодветна проектна документација за изградба на катна гаража, платил кумуналии за истото, значи дека постапил согласно сите законски одребди дефинирани со Законот за гардење, повеке од јасна е неговата намера да предметното гардежно змејиште го страви во фукнција согласно договорот за купорподажба и согласно дефинираната планска докумантација врз основа на кое е издадено правосилно доодбрение за гардење. Истакна дека Министерството за ..... како надлежен орган за управување со градежно земјиште, со известување кое што го достави до сега тужителот, потврдува дека рокот за изградба на предметниот објект истекува во 2024 година, па врз основа на наводите и доказите по предметот предложи суд да ја уважи тужбата и да го поништи предметното решение и да го врати на повторно разгледување и одлучување. Предјави трошоци согласно АТ 9.100,00 денари плус ДДВ за состав на тужба, за застапување 10.920,00 денари плус ДДВ или вкупно 23.624,00 денари со ДДВ.

Полномошникот С.Ј. наведе дека утврдената фактичка состојба од страна на тужениот орган се заснова само на моментална состојба констатирана со записник на лице место и дека тужителот на време отпочнал со градба, а прекинот на градбата не значи и повреда на членот 66 од Законот за градење. Предлага тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи во целост.

Овластениот претставник на тужениот орган Е. К. од С., остана во целост на наводите и образложените причини дадени во оспореното решение, со појаснување дека постапувајќи во повторна постапка во целост се испочитувани напатствијата дадени од страна на овој суд, дека се ценети жалбените наводи и истото е правилно и на закон засновано. Предлага судот тужбата да ја одбие како неоснована.

Судот во доказна постапка изврши увид во целокупните списи по предметот како на оние приложени од страна на тужителот како и списите на предметот прикачени на сајтот www.gradezna-dozvola.mk, и со читање ги изведе следните докази: увид во тужба од 20.01.2021 година, во прилог на која доставено е оспореното решение УП2 број 35-633/2018 од 03.12.2020 година, Решение на О. Ц. УП1 бр.27-300/2014 од 02.10.2020 година, Поднесок за уредување од полномошникот на тужителот од 05.02.2021 година, со прилози, Поднесок за дополнување на тужба од полномошникот адвокат од 20.10.2021 година, со прилози, Одговор-Известување за достава на списи на тужба од туженито орган со дата од 19.03.2021 година, Барање за одобрение за градење поднесено од сега тужителот, жалба од тужителот изјавена против решение на првостепениот орган од 02.10.2020 година заведено со дата од 21.10.2020 година, со прилози, Жалба од сега тужителот преку полномошник со дата на прием на првостепниот орган од 14.12.2018 година прикачена на веб страната со прилози на 120 страници, градежен дневник книга број 1 УП 1 28-300 од 26.08.2014 година со датум н полеток на изградба 08.09.2016 година, Ивестувања за започнување на градба до градежна инспекција О.Ц. Сектор з а...., Министерство за ..... сите од 07.09.2016 година, МИслење за добивање з аодобрение за градба од ЕВН од 13.06.2014 година , согласност од дирекција  а заштита и спасување од 16.06.2014 година, Одговор на допис од Б. до О. Ц. од 16.06.2014 година, Согласност од Министерство за ..... со дата од 30.05.2014 гоодина, Решение за хидротехнички услови на воодовод и канализација С. од 09.05.2014 година, Одговор на барање од Б. до О. Ц. од 22.11.2018 година, Вешт наод и мислење СВ4-202/18 изготвено од Биро за.... од 31.10.2018 година, Одобрение за градење УП1 бр.28-300 од 26.08.2014 година дата на правосилност 10.09.2014 година, Заклучок за прекин на постапка од 15.05.2014 гоидна на О. Ц., Барање на инфомрација од О. центар до БЕГ со дата од 20.11.2018 година, Решение на Минситерство за .... од 22.05.2014 гоидна, Решение на тужен орган УП 2 бр.35-633/2018 од 11.06.2020 година, Пресуда на овој суд У-3 бр.214/19 од 16.04.2020 година, Известување по барање за информација на О. Ц. со дата од 25.07.2018 година до сектор за .... со прилог Записник за констатација од 25.07.2018 година, Барање на информација од Сектор за ... до Сектор за .... од 24.07.2018 година, Мислењ од И. од 26.05.2014 гоидна, Геодетски елбаорат за ..... бр. 121/14 од 03.04.2014 година изработен од Г.П.И. С., ИЛ бр.... препис за КО Ц. 1 од 16.04.2014 гоидна ан АКН, Извод од план

ДУП за Ценатрлно градско подрачје мал ринг бр.28-1945/2 од 25.03.2014 година, Извештај за извршена ревизија бр. 03-42/Р од 09.05.2014 гоидна изготвен до ДООЕЛ К. С., како и Основен Проект со технички бр.12/14 изработен од ДООЕЛ АД О..

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови, а врз основа на наводите од тужбата, одговорот на тужба, наводите изнесени на расправата, списите по предметот и доказите изведени на расправата најде дека:

Тужбата е основана.

Видно од списите по предметот произлегува дека Градоначалникот на Општина Ц.-С. на инвеститорот А. ДООЕЛ С. – сега тужител, му издал Одобрение за градење УП 1 бр.28-300 од 26.08.2014 година, кое станало правосилно на ден 10.09.2014 година. Со ова одобрение, на инвеститорот му се одобрува изградба на објект од втора категорија со намена Е2, Комунална супструктура - катна гаража на ул. 11- ти О. бб на КП бр....., КО Центар 1, ГП 3.1.2 ДУП за Централно градско подрачје на Град С. М. Р.. Согласно член 66 од Законот за градење, одобрението за градење престанува да важи доколку инвеститорот не започне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење.

Тужителот согласно член 67 од Законот за градење, на ден 07.09.2016 година до надлежните органи доставил известување за отпочнување со градба на објект на ул.11-ти О.бб и тоа од страна на А. В., како главен надзорен инжинер, ДТУТ Д. Г. ДООЕЛ Б. како изведувач, ДТПУ А. ДООЕЛ С. како инвеститор. Со известување од 17.11.2016 година, адресирано до Општина Ц., тужителот ја извести општината дека инвеститорот е спречен во продолжување на градбата со оглед дека на предметната парцела постои вреловодна мрежа со која управува Дистрибуција на топлина Б. Е.Дооел, до завршување на грејната сезона кога би можело да се изврши дислокација на постоечката мрежа.

Овластениот градежен инспектор при Општина Ц. врз основа на предходно поднесено Барање бр.33-3329/2 од 24.07.2018 година, извршил увил на лице место на КП 13473/2 за КО Ц. 1 и за констатираната состојба изготвил Записник за констатација бр.33-3329/4 од 25.07.2018 година, на овластен градежен инспектор на Општина Ц., како и врз основа на вештиот наод и мислење СВ 4 -202/18 од 31.10.2018 година на Бирото за ...., било констатирано дека инвеститорот не отпочнал со градење на објектот, предмет на одобрението за градење УП 1 бр. 28-300 од 26.08.2014 година, правосилно на ден 10.09.2014 година, во законски предвидениот рок согласно член 66 од Законот за градење.

Градоначалникот на Општина Ц., постапувајќи во повторна

постапка согласно насоките дадени во решението на тужениот орган УП2 бр.35-633/2018 од 11.06.2020 година и Пресудата У-3.бр.214/2019 на овој суд, донел Решение УП1 бр.27-300/2014 од 02.10.2020 година, со кое го огласил за ништовно одобрението за градење УП 1 бр. 28-300 од 26.08.2014 година, правосилно на ден 10.09.2014 година, повикувајќи се на одредбата од член 66 од Законот за градење и член 87 и член 88 од Законот за општа управна постапка. Во образложението првостепениот орган навел дека дека и по поминати четири години од правосилноста на одобрението воопшто не покренал постапка и активности за дислокација на дел од дистрибутивната вреловодна мрежа што е фактичка и постојна состојба потврдена од Д. НА Т. Б. Е. ДООЕЛ од С., а која причина инвеститорот ја навел како спреченост за градење на објектот, со цитирање на одредбите од член 2 точка 1, 14 и 15 од Законот за градење и појаснување и дека за времетраење на инспекцискиот надзор со изготвениот записник за констатација бр.33-3329/4 од 25.07.2018 година од страна на овластениот градежен инспектор е констатирано дека нема градба односно нема никакви градежни активности по издаденото правосилно одобрение за градење УП 1 бр.28-300 од 26.08.2014 година. Понатаму, во образложението на обжаленото решение, првостепениот орган навел дека за вршење на подготвителни работи, кој претставува посебен управен акт од одобрението за градење и инвеститорот на ден 13.03.2017 година по две години од правосилноста на одобрението, поднел барање Уп1.бр.27-83 за добивање на одобрение за подготвителни работи за организирање на градилиште за изградба на објектот, а кое поради непостапување по заклучок за отстранување на недостатоци, било одбиено со решение Уп1.бр.27-83 од 01.02.2018 година. Исто така, првостепениот орган навел дека според содржината на приложената фотокопија од градежниот дневник од 08.09.2016 година, изведувачот бил воведен во работа, а градежните активности започнале но дневникот не бил потпишан од изведувачот на работите. ,

Незадоволен од вака донесеното решение, инвеститорот Друштво за .... А. ДООЕЛ увоз-извоз С., преку полномошник, изјавил жалба до тужениот орган, кој врз основа на член 109 став 4 од Законот за општата управна постапка, го донел сега оспореното решение УП2 број 35-633/2018 од 03.12.2020 година, со кое жалбата на тужителот ја одбил како неоснована. Ова од причина што, нашол дека првостепениот орган правилно постапил и не го повредил законот на штета на жалителот со донесување на обжаленото решение, со оглед дека не е спорен фактот дека инвеститорот во законски предвидениот рок од две години пријавил отпочнување на градба и дека го известил првостепениот орган за истото, но тоа не значи и дека отпочнал со градба во смисла на член 66 од Законот за градење а согласно член 2 точка 2 од истиот закон. Понатаму, тужениот орган констатирал дека составен дел на одобрението за градење претставува заверениот основен проект каде за Е2-комунална супраструктура, катна гаража со тех.бр.12/14 изработен од ДООЕЛ АД О.

во делот кој е насловен како Опис на предвидени работи, изградбата на градбата требала да започне со широк машински ископ на земја во рамки на градежната парцела со димензии поголеми од површината која ја зафаќаат подземните нивоа и проектираната длабочина за темелењето на објектот, додека од фотокопијата на градежниот дневник од 08.09.2016 година е наведено дека изведувачот бил воведен во работа и било отпочнато со ископ на земја со багер и одвоз на земја и шут, а кое нешто не е потврдено со потпис од изведувачот на работите и дека истото во никој случај неможе да биде прифатено како отпочнување со градба бидејќи од фотографиите од вештиот наод и мислење СВ 4-2020/18 изработен од Министерство за ... Биро за ...., на лице место не постоел никаков ископ. Тужениот орган во образложението на оспореното решение, констатирал дека направените површински ископи на земјата без притоа да биде оградено и организирано градилиште за што се потврдува и фактот дека инвеститорот на 13.03.2017 година по две години од правосилноста на одобрението, поднел барање Уп1.бр.27-83 за добивање на одобрение за подготвителни работи за организирање на градилиште за изградба на објектот, јасно укажува дека до тој момент не биле отпочнати сосодветни градежни и технолошки работи, односно не било отпочнато со изградба на објектот кој бил предмет на одобрението за градење.

Незадоволен и од вака донесеното решение, тужителот истото во целост го оспори, заведувајќи пред овој Суд управен спор.

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот ја ценеше законитоста на оспореното решение УП2 број 35-633/2018 од 03.12.2020 година, на тужениот орган и најде дека оспореното решение е неправилно и незаконито, од причина што при донесување на истото тужениот орган погрешил кога утврдил дека фактичката состојба е целосно и правилно утврдена, па на така нецелосно утврдената фактичка состојба и погрешно биле применети одредбите од материјалното право, со што Судот оцени дека е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови (Службен весник на РСМ бр.96/19), законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 37 став 1 од истиот закон, Судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога е тоа поинаку уредено со овој закон.

Во член 2 точка 1 и 2 од Законот за градење („Сл.весник на Република Македонија“ бр.130/2009, бр.124/2010, бр.18/2011, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.144/2012, бр.25/2013, бр.79/2013, бр.137/2013, бр.163/2013, бр.27/2014, бр.28/2014, бр.42/2014, бр.115/2014, бр.149/2014, бр.187/2014, бр.44/2015, бр.129/2015, бр.217/2015, бр.226/2015, бр.30/2016, бр.39/2016, бр.71/2016 и бр.132/2016), е предвидено дека Градење е изведување на претходни работи, изработка на проектна документација, вршење на подготвителни работи, изградба на нова градба, доградба и надградба на постојна градба, реконструкција и адаптација на постојната градба што опфаќа земјени работи, изведување на градежна конструкција, вршење на градежно-инсталатерски работи и градежно-завршни работи, вградување постројки или опрема и други работи со кои се оформува целината на градбата; 2. Градба е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничкотехнолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно опрема.

Согласно член 2 точка 14 и 15 од законот, претходни работи се работи кои во зависност од видот и карактерот на градбата, опфаќаат истражување и изработка на анализи и други стручни материјали, прибавување на податоци со кои се анализираат геолошките, геотехничките, геодетските, хидролошките, метеоролошките, урбанистичките, техничките, технолошките, економските, енергетските, сеизмичките, водостопанските и сообраќајните услови, условите за заштита од пожари и заштита на животната средина, како и други услови предвидени со закон. Согласно точка 15, подготвителни работи се работи на изведување на привремени градби и други активности заради организирање и уредување на градилиштето, како и овозможување на примена на соодветни градежни и технолошки работи.

Во член 65-а став 1 од истиот закон, е определено дека инвеститорот може да започне со изградба на градбата врз основа на правосилно одобрение за градење.

Согласно член 66 став 1 од Законот за градење, Одобрениет за градење престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот кога одобрението станало правосилно. Согласно став 2 , во случаите од став (1), на овој член надлежниот орган што го издал одобрението за градење донесува акт за ништовност на одобрението, кој се доставува до органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите и истиот е основ за бришење на сите прибележувања поврзани со недвижноста.

Согласно член 67 став 1 од наведениот закон, инвеститорот е должен писмено да го пријави започнувањето на изградбата до надлежниот орган од членот 58 на овој закон, градежната инспекција и инспекцијата на трудот, пред започнувањето на изградба.

Согласно член 68 од Законот за градење, инвеститорот е должен градбите од прва и втора категорија да ги изградат во рок не подолг од десет години.

Во конкретниот случај согласно погоре цитираните законски одредби, имајќи ги во целокупните списи по предметот, превземените активности од страна на инвеститорот на предметната градежна парцела и утврдената фактичка состојба на лице место, доведени во корелација со законските одредби од Законот за градење, Судот наоѓа дека во конкретниот случај фактичката состојба утврдена од страна на првостепениот орган, која во целост е прифатена од странан на тужениот орган, е неправилно и нецелосно утврдена, во поглед на фактот кои градежни активности можат да се подведат под активности кои значат отпочнување на градење, а заради исполнување на условите од формално правен аспект по однос на тоа дали инвеститорот во предвидениот законски рок од две години започнал со изградба на објектот-катна гаража согласно издаденото правосилно одобрение за градење. За Судот е неприфатлива  констатацијата на тужениот орган дека пријавување со отпочнување на градба не значи и дека тужителот отпочнал со градба, во смисла на член 66 од Законот за градење, а согласно член 2 точка 2 од истиот закон, како и дека неприфатлива  е констатацијата на тужениот орган, повикувајќи се на увидот во фотографиите од вештиот наод и мислење СВ 4-2020/18 изработен од Министерство за..... врз основа на кој утврдил дека во ситуацијава во никој случај неможе да биде прифатено постоење на отпочнување со градба бидејќи на лице место не постоел никаков ископ. Наведеното од причина што од приложените и изведени докази произлегуваат неспорно утврдените факти дека инвеститорот започнал со работа односно превзел подготвителни работи, донел градежна механизација на терен-багери, вршел ископ на земја и шут, поставил градежен материјал, кои активности се внесени во градежниот дневник и за истите постои фотодокументација. Исто така, неспорно е дека во рамките на законски предвидениот рок согласно член 67 од Законот за градење, инвеститорот доставил известување на ден 07.09.2016 година со кое ги известил надлежните институции, дека ќе започне со изградба на катната гаража на ден 08.09.2016 година, како и дека доставил Известување на ден 17.11.2016 година, за причините поради кои бил спречен со продолжување на градбата, односно дека е потребна дислокација на постоечката вреловодна мрежа, па фактот што дислокацијата не е извршена од страна на друштвото кое управува со мрежата, апсолутно неможе да се препише за вина на страна на сега тужителот, ниту пак склучување на договор со Б. Е. ДООЕЛ од С. да претставува основ за огласување на решението за ништовно. Дополнително Судот наоѓа дека управните органи, како една од причините за огласувањето на ништовно на одобрението на градба, не може да се повикуваат на записник за извршен увид на лице место кој што е составен во 2018 година, во ситуација кога биле запознаени со фактот дека сега тужителот неможел да продолжи со веќе започнатите градежни активности поради потребаната дислокација на вреловодна мрежа, која што не е во негова надлежност. Дополнително Судот укажува дека, од страна на органите не може да биде занемарен фактот дека рокот за

градење од 10 години од правосилноста на решението сеуште не е изминат, а овој факт е потврден и од самиот тужен орган кој со допис кој што го пратил до сега тужителот од 14.12.2018 година и во кој потврдува дека до органот било доставено известување од страна на инвеститорот за отпочнување на градбат и тоа на ден 08.09.2016 година.

Во контекст на наведеното, Судот наоѓа дека од страна на управните органите не се дадени решителните факти и причини поради кои правосилното Одобрение за градење УП 1 бр.28-300 од 26.08.2014 година, би се огласило за ништовно.

Имајки ја предвид ваквата правна и фактичка состојба на работите произлегува дека тужбата е основана, а оспореното решение на тужениот орган е неправилно и незаконито.

Предвид на тоа, Судот смета дека во случајов има потреба од повторно разгледување и одлучување по предметот, при што во повторната постапка ќе тужениот орган е должен да ги има во предвид горните укажувања и да постапи согласно напатствијата дадени во оваа пресуда, а по правилна примена на Законот за општа управна постапка и Законот за градење да донесе правилна и законита одлука.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со одредбата од член 60 став 3 и став 5 од Законот за управните спорови, Судот донесе одлука како во изреката на пресудата.

По однос на барањето на тужителот за надомест на трошоците во управниот спор, Судот согласно член 148 став 1 и член 149 од ЗПП, в.в. со член 86 од Законот за управни спорови и согласно успехот во спорот, одлучи да го задолжи тужениот орган да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката во вкупен износ од 7.000,00 денари и тоа за награда за застапување од полномошник во управен спор согласно член 8 од АТ, додека барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, за разликата од побараните во износ од 27.876,00 денари, до досудените во износ од 7.000,00 денари, судот го одби како неосновано, од причина што согласно наведената одредба од Адвокатскиот тарифник, на тужителите кои успеале во спорот им следува награда за дадена правна помош во управен спор во износ од 7.000,00 денари.

ПРЕСУДЕНО И РЕШЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 23.12.2021 година под У-3.бр.20/2021.

Записничар - судски советник
Емилија Џоневска

Претседател на совет - Судија
Весна Јовановск

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Пресуда не е дозволена жалба согласно член 69 став 4 од Законот за управните спорови.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република С.М., банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно истата ќе биде наплатена преку УЈП зголемена за 50 %.

Пресудата да се достави на:
- тужителот преку полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Весна Јовановска

ВК. /